Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 28.07.2021

На 27.07.2021 во 16.30 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле О.А.(29) од Гостивар за издржување казна затвор од една година и шест месеци за сторено кривично дело по член 235 и член 236 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор - Тетово за издржување на казната.

На 27.07.2021 во 18.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Бит Пазар ја лишиле од слобода Л.Ј.(39) од Скопје, затоа што кај неа бил пронајден хероин. По документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.07.2021 во 15.00 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле З.Б.(23) од Гостивар за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор - Тетово за издржување на казната.

На 27.07.2021 од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Аеродром е приведен 17-годишник од Скопје, кој непосредно пред тоа извршил тешка кражба во продажен објект на подрачјето на Аеродром. Во координација со Јавен обвинител за малолетници и во присуство на родител со него е извршен разговор, при што тој во целост го признал делото и го појаснил начинот на извршување. По комплетно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.07.2021 во 15.30 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле А.Љ.(62) од Гостивар за издржување казна затвор за сторено кривично дело по член 130 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор - Тетово за издржување на казната.

На 27.07.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 64 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 19 возачи управувале возило без возачка дозвола, 13 возачи управувале возило под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај, три возила биле со измината регистрација, двајца возачи разговарале на мобилен телефон. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

СВР Струмица на 27.07.2021 преземе засилени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 40 пречекорувања на брзината. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 27.07.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило со брзината поголема од пропишаната, при што биле регистрирани и санкционирани 18 прекршоци, од кои четири во Велес, два во Кавадарци и 12 во Неготино.

На 27.07.2021 во 16.30 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар, врз основа на судска наредба, го привеле Ф.Н.(23) од Гостивар за издржување казна затвор за сторено кривично дело по член 236 и член 131 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор - Тетово за издржување на казната.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.А.(32) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение дека сторил пет кривични дела „тешки кражби“ и едно кривично дело „тешка кражба“ во обид во шест викенд куќи во атар на селата Степанци и Смиловци, општина Чашка.

На 27.06.2021 во 13.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата од бул.„Октомвриска револуција“ и ул.„Иво Лола Рибар“ во Куманово, мотоцикл „педа“, со кумановски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Куманово, удрил во пешакот Ж.С.(46) и уште еден малолетен пешак, двајцата од Куманово. Во незгодата Ж.С. се здобила со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 27.07.2021 полициски службеници од СВР Штип спроведоа акциска контрола за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли во сообраќајот. За време на акциската контрола констатирани биле 20 прекршоци. Притоа 10 возачи не користеле заштитна кацига, 6 возачи управувале без возачка дозвола, 1 нерегистриран мотоцикл и 3 останати прекршоци. Одземени се 6 мотоцикли согласно чл.344 од ЗБСП. Санкционирани се и 11 останати прекршоци.

На 27.07.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на крстосницата од улиците „Маршал Тито“, „Филип Втори“ и „11 Октомври“ во Свети Николе се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „априлиа“, со скопски регистарски ознаки, управувано од малолетник од Свети Николе и патничко возило „мазда“, со германски национални ознаки, управувано од И.Н.(29) од Свети Николе. Во незгодата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил сопатникот, констатирани во ЈЗУ Свети Николе. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 27.07.2021 во 13.45 часот во Полициската станица Аеродром, А.Н. од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански“ нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (27.07/28.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 14 прекршоци.

На 28.07.2021 во 00.05 часот на регионалнот пат Тетово-Јажинце, полициски службеници од Полициското одделение Теарце, во село Доброште, го лишиле од слобода Г.Ч.(19) од Германија, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициското одделение Теарце и по расчистување и документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 27.07.2021 во 14.20 часот во автокампот „Градиште“ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода М.П.(24) од Прилеп, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.П.(30) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца“. При контрола извршена на 06.07.2021 на булевар „Туристичка“ во Охрид, полициски службеници констатирале дека тој врши такси превоз на патници без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.И.(46) од ресенското село Горно Кружје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци“ и „загрозување на сигурноста“. Тој, во периодот од декември 2020 до јули 2021 година, преку лажен Фејсбук профил, на повеќе лица од Охрид им испраќал пораки со недолична и заканувачка содржина.

На 28.07.2021 во 07.45 часот во СВР Штип било пријавено дека на автопатот Миладиновци – Штип, кај клучка Крупиште, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген пасат“, со штипски регистарски ознаки, управувано од А.И.(20) од Штип и товарно возило „ивеко“, со скопски регистарски ознаки, управувано од З.П. од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.И., констатирани во Клиничката болница Штип.

На 28.07.2021 во 01.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ќ.(23), М.Ќ.(30) и Г.Ќ.(25), сите од с.Бојане, скопско, поради сомнение дека на 27.07.2021 околу 22.40 часот, пред угостителски објект во с.Сарај, учествувале во нарушување на јавниот ред и мир, поради претходно меѓусебно нетрпение, во кое биле употребени огнено оружје и остар предмет. Притоа со повреди од огнено оружје се здобил В.Ќ., а со повреди од остар предмет Ф.М., по што биле пренесени во Градска општа болница „8 Септември“, односно во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош. Трите лица биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.07.2021 во 14.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(59) од Скопје пријавил дека пред трговски центар во Аеродром, додека бил застанат со своето такси возило, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

ЕВР Карпош поднесе кривична пријава против И.А.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување“. На 19.05.2021, додека пријавениот бил на работното место на ул.„Варшавска“ во Скопје, своеволно и без дозвола од работодавачот од благајната на видео лотариските терминали одзел од 90.000 денари. Подоцна, по пристигнувањето на менаџерот, заедно ги пребројле парите и бил констатиран кусок, по што му било побарано да ги врати парите, но тој не го сторил тоа.

На 27.07.2021 во 16.10 часот во СВР Скопје, Ж.А.(38) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект во Радишани бил физички нападнат од А."Н". Се работи на расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.М.(37) од Штип поради постоење основи ан сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда“. На 31.05.2021 на ул. „Борис Крајгер“, поради недоразбирање во сообраќајот, пријавениот физички го нападнал С.Н. од Штип, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

На 27.07.2021 околу 15.40 часот СВР Тетово било пријавено дека на регионален пат Дебар-Маврово, на местото викано „Жировничко Анче“ бил пронајден човечки труп. По овластување на Јавен обвинител, увид извршила екипа од ОВР Гостивар и телото било дадено на обдукција.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет